Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Градоначалник на Општина Кратово, на ден 31.01.2014 година, донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1.За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за услужен центар-станица за технички преглед на возила,м.в.Габреш,КО Шлегово кој го донесува Градоначалникот на општина Кратово потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2.Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Локална урбанистичка документација за услужен центар-станица за технички преглед на возила,м.в.Габреш,КО Шлегово се определуваат следните:Министерство за транспорт и врски,Министерство за животна средина и просторно планирање,Агенција за планирање на просторот,КО Шлегово,КО Кратово..

3.За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за услужен центар-станица за технички преглед на возила,м.в.Габреш,КО Шлегово, за чија изработка е одговорено Здружение на возачи Кратово, а го донесува Градоначалникот на општина Кратово, донесувањето на планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за услужен центар-станица за технички преглед на возила,м.в.Габреш,КО Шлегово ќе има влијание врз животната средина.

4.Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: Развој на транспорт,економски и социјален развој,заштита на природата,заштита на флора и фауна,промена и употреба на земјиштето.

5.Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кратово на следната веб адреса/и: **www.opstinakratovo.gov.mk.**

6.Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка во работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.08-165/1
Место Кратово

Име и презиме
Градоначалник
Мите Андоновски